Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 15.12.2016 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проекти од Програмата за развој на селата за 2017 година**

**1.Се објавува: Одлука за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проекти од Програмата за развој на селата за 2017 година бр.09-1627/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.12.2016 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-1643/1 | **Градоначалник** |
| 15.12.2016 г. | **на општина Кратово** |
| Кратово | Мите Андоновски, с.р. |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр:5/2002) а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр:6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.12.2016 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проекти од Програмата за развој на селата за 2017 година**

1. Советот на општина Кратово во Буџетот на општината, превзема обврска и обезбедува средства во износ од 599.882,00 (петстотини деведесет и девет илјади осумстотини осумдесет и два денари) за реализирање на Проекти од Програмата за развој на селата за 2017 година, односно за аплицирање на проектот "Изградба на пешачка патека од регионален пат 2247 до Манастир Св.Илија во с.Филиповци-Општина Кратово", во должина од 250 метри, во соработка со Бирото за регионален развој-Министерство за локална самоуправа на Република Македонија, а во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог-проекти објавен на 16.11.2016 година.
2. Општината превзема обврска за обезбедување на средства за кофинансирање во висина од 50% од вредноста на предлог проектот.
3. Предвидените средства од точките 1 и 2 од оваа Одлука, Буџетот на општина Кратово ќе ги ефектуира во време кога ќе се обезбедат можности за реализирање на проекти од Програмата "Развој на селата", а истите се предвидени во Буџетот на општината и се со

можност да се ефектуираат кога проектот ќе биде одобрен.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-1627/1 **Претседател**
13.12.2016 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 15.12.2016 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2017 година

**1.Се објавува: Одлука за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2017 година бр.09-1628/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.12.2016 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-1644/1 **Градоначалник**
15.12.2016 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр:5/2002) а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр:6/2006), Советот на општина Кратово на седницата оддржана на 13.12.2016 година, донесе:

## О Д Л У К А

### за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2017 година

1. Советот на општина Кратово во Буџетот на општината, превзема обврска и обезбедува средства во износ од 95.600,00 (деведесет и пет илјади и шестотини денари) за реализирање на Проекти од Програмата за рамномерен регионален развој за 2017 година, односно за аплицирање на проектот "Изработка на техничка документација за локален пат до Лесновски Манастир, село Лесново", во соработка со Бирото за регионален развој-Министерство за локална самоуправа на Република Македонија, а во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог-проекти објавен на 16.11.2016 година.
2. Општината превзема обврска за обезбедување на средства за кофинансирање во висина од 95.600,00 денари, односно 19,29% од вредноста на предлог проектот.
3. Предвидените средства од точките 1 и 2 од оваа Одлука, Буџетот на општина Кратово ќе ги ефектуира во време кога ќе се обезбедат можности за реализирање на проекти од Програмата за рамномерен

регионален развој, а истите се предвидени во Буџетот на општината и се со можност да се ефектуираат кога проектот ќе биде одобрен.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-1628/1 **Претседател**
13.12.2016 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.